# Духовни поглавја

## Старец Софрониј

**1.** Возљубени мои браќа и сестри, отворете го вашето срце, за таму, Светиот Дух да го вреже образот Христов. Тогаш, лека-полека ќе станете способни да ги воспримате во вас радоста и плачот, смртта и воскресението.

**2.**
На светот не му е познато ништо повозвишено од повикот да се биде христијанин. Но, колку што целта е повисока, толку е потешко нејзиното остварување.

**3.**
Погледнете ја величенствената глетка што Бог ни ја објави при создавањето на светот, обликувајќи го човекот според образот и подобието Свое. Она што ни е потребно не се содржи во нашиот мал ежедневен живот. Бараме да бидеме со Бога, за да го здобиеме во нас животот во целата негова космичка и Божествена широчина.

**4.**
Во нашето духовно созерцание, потребно е да го соединиме космичкото и Божественото Битие, создаденото и несоздаденото.

**5.**
Во почетокот беше Словото. Без Него ништо не постои. Катадневно го вкусуваме болниот и беден живот во нашето тело. А сепак, создадени сме според образот на Христа, Апсолутниот. Проблемот, тајната на нашиот живот, е во преминот од релативното во Апсолутниот. Ако битието е создадено од Бога, не треба да умре. Бог го созаде животот, не ја создаде смртта. Нашата цел е животот во Христа Бога, во бесмртноста, во вечноста. Согласно Откровението, возможно е вечноста Божја да ни се подаде.

**6.**
Треба да се стремиме кон Самиот Бог, кон Неговата Личност, што значи, кон она што е над сè, за да му овозможиме на нашето тело, инаку склоно кон бездејствие, залет кон вечноста.

**7.**
Што да сториме за нашето спасение? Како да го обесмртиме нашето тело, да се ослободиме од државата на гревот и од власта на смртта? Тоа треба да биде наша грижа во секој миг, а, истовремено посилна, понагласена. Животот е толку краток, целта е толку висока, но, и толку многу оддалечена.

**8.**
Според Православната Црква, спасението на човекот е неговото обожение.

**9.**
Треба да научиме да го живееме вечниот живот на Самиот Бог. Што значи *обожение на човекот*?

Да живееме како што живееше Господ, да ги здобиеме мислите и чувствата Христови, пред сè од последните моменти на Неговиот овоземен живот.

**10.**

После падот, човекот стана поле на борба меѓу Бога и непријателот.

**11.**

Семето што го посеа Сатаната во срцето и умот Адамов - помислата да стане бог без Бога - е внедрено толку длабоко во нашето битие, така што непрестајно се наоѓаме под власта на гревот.

**12.**

Уште од нашето раѓање стануваме Адамови наследници. Можеме да ја живееме состојбата на падот, која е едно страшно оддалечување од љубовта на Отецот, како единствена стварност на човековото битие. Во светот живееме во атмосфера на обожување на падот. Живееме во раскош и често се срамиме да ја исповедаме нашата вера, да кажеме дека сме христијани.

**13.**

Немајте преголема доверба во високото образование со кое се здобивте во светот. Цивилизацијата во која живееме е култура на падот.

**14.**

После двете светски војни - војните се par exellance грев - современиот човек ја загуби благодатта на Светиот Дух. Без Светиот Дух, пак, не може да ја појми Божественоста Христова. Да поверуваме дека Овој човек, кој е вистински, е Создател на светот, ги надминува нашите можности. Да поверуваме дека Самиот Бог се воплоти, дека нè повика да бидеме вечно со Него, еве, тоа е она што им недостига на многумина, особено на учените.

**15.**

Што значи спасение? Дали навистина смртта на телото е претпоставка за влез во Царството Христово? Како можеме да ја развиеме нашата способност да живееме согласно заповедите Христови, согласно Светиот Дух? Само едно е значајно: да го зачуваме интензитетот на молитвата и покајанието. Тогаш, смртта нема да биде биде пад, туку премин во Царството, за кое ќе бидеме подготвени преку причестувањето со Телото и Крвта Христови и преку молитвата, повикувајќи го Неговото Име: ‘Господи Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè нас и Твојот свет’.

**16.**

Го чекам воскресението на мртвите и животот на идниот век. Што означува овој последен член во Символот на Верата? Не можеме да ја издржиме мислата за вечниот живот, освен ако самата вечност не навлезе во нашиот!

**17.**

Бог не ја создаде смртта! Ако Бог, како што тоа го вели Христос, е навистина Бог на Авраама, и на Исаака, и на Јакова, тогаш тие не се мртви. За Бога, сите се живи.

**18.**

*Униние* етимолошки означува отсуство на грижа за спасение. Освен некои, безмалку ретки исклучоци, сето човештво живее во состојба на униние. Луѓето станаа небрежни за своето спасение. Не го бараат Божествениот живот. Се ограничуваат во рамките на телесниот, во потребите на секојдневието, во страстите на светот и во компромисните дела. Сепак, Бог нè создаде *ни од што*, според Неговиот образ и подобие. Ако ова откровение е вистинско, отсуството на грижа за спасение нè е ништо друго, освен смрт на личноста.

...пронајдете ја подобрата мера!

Семијон

Semillon

SKOVIN



Животот на светот е устроен околу неколку човечки страсти, а духовниот живот се наоѓа на периферијата. Должни сме да направиме пресврт во ваквата состојба на нештата, да ја поставиме духовноста во срцето на нашиот живот.

Световната мудрост не може да го спаси светот. Собранијата, владите, многусложените организации на најразвиените современи држави на земјата се немоќни. Човештвото страда бескрајно. Единствен излез е да ја најдеме мудроста внатре во нас, решението да не живееме согласно земните идеи, туку да Го следиме Христа.

Како можеме да го најдеме својот пат? Според Евангелието, Христос е нашиот пат.

Значајно е сознанието дека Христос е Бог. Кој Го љуби, ќе биде вечно до Него, таму каде што е Тој.

Каде е нашиот дух? Ако сакаме да сме со Христа, со Словото Божјо, на Кого Отецот во почетокот Му го даде сето она што постои во вечноста, треба да Го гледаме како Богочовек. Ако Го созерцаме како Бог, Тој е совршен Бог. Ако Го гледаме како човек, Тој е совршен човек. Мудроста, смирението, животот, вечната светлина, сè е во Него.

Секој чекор во нашиот живот е нераздвоен од основните догми во нашата вера.

# Старец Софрониј

од книгата „За духот и животот“